# ИЗЈАВА ЗА НЕПРИСТРАСНОСТ

**на Раководството на Сертификационото тело на системи за управување МКД СЕРТИФИКАТ при АМ ЦЕРТ**

Како раководство на Сертификационо тело на системите за управување (СТСУ) МКД СЕРТФИКАТ при АМ ЦЕРТ го изјавуваме следново:

1. Ја разбираме значајноста на непристрасноста при спроведување на сертификација на системи за менаџмент, како и управувањето со потенцијалните конфликти на интереси и гарантираме објективност при извршувањето на својата дејност. Разбирајќи го гореневеденото нема да превземеме никакви активности кои би биле закана за непристрасноста и/или претставуваат потенцијален конфликт на интереси.
2. МКД СЕРТИФИКАТ со своите вработени ќе ја врши дејноста во согласност со обемот на својата надлежност и акредитација. СТСУ има имплементирано систем за менаџмент, изработени и имплементирани процедури во согласност со барањата на МКС EN ISO/IEC 17021-1:2016.
3. МКД СЕРТИФИКАТ ги идентификува, анализира и документира потенцијалните конфликти на интереси што произлегуваат од дејноста, вклучувајќи какви било конфликти кои произлегуваат од меѓусебни односи. По потреба, СТСУ документира и презема мерки за отстранување или намалување до минимум, закани за непристрасноста, независно дали тие се јавуваат внатре во СТСУ или се резултат од работа на други лица, органи или организации. Информациите се доставуваат до Комитетот за заштита на непристрасноста.
4. МКД СЕРТИФИКАТ нема да врши сертификација:
   a. На филијали, кои се негова сопственост (ако има такви);
   b. На систем за менаџмент на друго сертификационо тело;
   c. Кога одредени взаемни односи создаваат неприфатлива закана за непристрасноста.
5. МКД СЕРТИФИКАТ и кој било дел од истиот правен субјект нема да нуди или обезбедува консултантски услуги поврзани со системи за менаџмент. Ова истото важи и за оној дел од раководството идентификуван како сертификационо тело.
6. МКД СЕРТИФИКАТ, како и останатите организациските единици на АМ ЦЕРТ не нуди или обезбедува интерни проверки за неговите сертифицирани клиенти. Сертификационото тело нема да сертифицира систем за менаџмент за кој обезбедило интерна проверка во рок од две години сметано од завршувањето на интерните проверки. Ова истото важи и за оној дел од раководството идентификуван како сертификационо тело.
7. МКД СЕРТИФИКАТ нема да сертифицира систем за менаџмент за кој клиентот добил консалтинг услуги во врска со системи за менаџмент или интерни проверки, каде односот помеѓу консултанстката организација и сертификационото тело претставува закана за непристрасност за сертификационото тело.
8. МКД СЕРТИФИКАТ нема да ги пренесува проверките (како аутсорс) на консултантска организација за системи за менаџмент. Ова не се одесува на лица со кои е склуче договор за аудитори како надворешни проверувачи и надворешни технички експерти.
9. МКД СЕРТИФИКАТ и останатите организациски единици на АМ ЦЕРТ нема да:
   a. рекламира или нуди услуги поврзани со консултации за системи за менаџмет;
   b. дозволи да се шират изјави, од страна на консултантски организации, кои сугерираат дека сертификација ќе биде полесна, поедноставна, побрза или поевтина, ако се користи МКД СЕРТИФИКАТ како сертификационо тело и ќе ги превземе неопходните корективни мерки;
   c. изјавува или имплицира дека процесот на сертификација ќе биде полесен, поедноставен, побрз или поевтин, ако се користи одредена консултантска организација.
10. МКД СЕРТИФИКАТ изјавува дека вработените, вклучувајќи ја и раководната структурата, кои вршеле под некаква форма консултантска активност на клиентот, нема да учествуваат во аудити или во други активности за сертификација на систем за менаџмент за тој клиент.
11. Кога непристрасноста на СТСУ е загрозена од работењето на други лица, органи или организации, раководството презема навремено мерки за отстранување на следниве закани:
   a. Притисок од страна на други сертификациони организации - СТСУ МКД СЕРТИФИКАТ нема да дозволи други сертификациони организации да влијаат на процесот на сертификација;
   b. Притисок од страна на клиенти - МКД СЕРТИФИКАТ нема да дозволи притисок од страна на клиентите. Ако има обид за таков притисок, МКД СЕРТИФИКАТ ќе ги искористи барањата на ISO/IEC 17021 и внатрешните процедури за да ја прекине ваквата пракса.
   c. Притисок од страна на вработени - МКД СЕРТИФИКАТ нема да дозволи притисок од страна

на вработените и/или лица поврзани со фирмата. Платата на вработените на СТСУ, надворешните аудитори и експерти и членови на комисии, учесници во активностите за оценување и сертификација не зависи во никој случај од резултатот на оценките, а е во согласност со утврдените тарифи на сертификационото тело.

d. Притисок од страна на консултанти - МКД СЕРТИФИКАТ не им плаќа провизија на консултантите и затоа не е можно да се изврши притисок од консултанти врз МКД СЕРТИФИКАТ.

12. Раководителот на СТСУ, целиот кадар на МКД СЕРТИФИКАТ (внатрешен или надворешен) и членовите на Комитетот за заштита на непристрасноста и Комисијата за жалби и приговори изјавуваат дека ќе дејствуваат непристрасно и не се подложени на никаков трговски, финансиски и административен притисок, како и на други слични влијанија кои можат да влијаат на нивните оценки и да ја компромитираат нивната непристрасност.

13. МКД СЕРТИФИКАТ бара од целиот кадар, внатрешен и надворешен, да ги почитува правилата за непристрасност, како и сите други процедури и применети барања. Сите вработени на МКД СЕРТИФИКАТ гарантираат чување на производствена, трговска и деловната тајна и потпишале изјава за обврзаност на ангажманите на учесниците во процесот на сертификација. Вработените кои се одговорни за спроведувањето на аудит и сертификација се независни од заинтересираните страни, при што не се инвеститори, производители, снабдувачи, монтери, купувачи, сопственици, корисници или лица кои ги оддржуваат предметите кои се оценуваат, ниту пак се овластени претставници во некоја земја. Вработените кои се ангажирани директно во аудитирањето и сертификацијата потпишуваат за секој конкретен клиент, и за секој аудит "Изјава за независност /доверливост".

14. Сите вработени во МКД СЕРТИФИКАТ изјавуваат дека ќе пренесат информација за секоја ситуација со која ќе се сретнат, а која може да создаде конфликт на интереси за вработените или за МКД СЕРТИФИКАТ.

15. МКД СЕРТИФИКАТ нема да најми (внатрешен или надворешен) вработен, за кој има информации за закана за непристрасноста, освен ако не се докаже дека нема конфликт на интереси.

16. Сите вработени на МКД СЕРТИФИКАТ се обврзани да работат во согласност со барањата на МКС EN ISO / IEC 17021-1:2016 и процедурите на СМК на МКД СЕРТИФИКАТ.

**Со оваа изјава се обврзува врвното раководство на МКД СЕРТИФИКАТ (сертификационо тело за системи за управување при АМ ЦЕРТ), АМ ЦЕРТ дооел Скопје (правен субјект чиј дел е МКД СЕРТИФИКАТ) и АУТОМАКЕДОНИЈА АД (сопственик на АМ ЦЕРТ).**

Скопје, 25.07.2025г.

/Татјана Кузмановска, Раководител на СТСУ/